Влада на Република Северна Македонија

Скопје, 1 февруари 2023 година
Бр. 41-1342/3

До
Претседателот на Собранието
на Република Северна Македонија
Скопје

Врз основа на членот 91, алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 132, 137 и 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Северна Македонија, Ви поднесува Предлог на закон за данок на солидарност, по скратена постапка, што го утврди на седницата, одржана на 1 февруари 2023 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николовски, заменик на министерот за финансии, а за повереници, д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Данаил Каров, раководител на сектор во Министерството за финансии.

Претседател на Владата на
Република Северна Македонија

д-р Димитар Ковачевски

Подготвил: Христијан Николов, помлад соработник
Проверил: Никола Пасков, раководител на одделение
Катерина Јаневска, раководител на одделение
Контролирал: Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор
Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор
Согласен: Снежана М. Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата

Предлагач:
Владата на Република Северна Македонија

Претставници:
д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и

Филип Николоски, заменик на министерот за финансии

Повереници:
д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и

Данаил Каров, раководител на сектор во Министерството за финансии

PROPOZUES:
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

PËRFAQËSUES:
dr. Fatmir Besimi, ministër i Financave dhe

Filip Nikolloski, zëvendësministër i Financave

TË BESUAR:
dr. Jelena Tast, sekretare shtetërore në Ministrinë e Financave dhe

Udhëheqës sektori në Ministrinë e Financave

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ДАНОК ЗА СОЛИДАРНОСТ, ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

# PROPOZIM LIGJI I TATIMIT TË SOLIDARITETIT, ME PROCEDURË TË SHKURUAR

Скопје, февруари 2023

Shkup, shkurt 2023

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ

HYRJE:

## I) VLERËSIM I GJENDJEVE NË FUSHËN QË DUHET TË RREGULLOHET ME LIGJ

И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Република Северна Македонија, како и останатите земји во светот во моментот се соочува со енергетска и ценовна криза, а претходно и со економско-здравствената криза предизвикана од вирусот COVID 19.

Климатските промени и војната во Украина предизвикаа нарушување на глобалниот пазар, односно зголемена побарувачка на храна и енергенти, а нивна намалена понуда, што доведе до забрзан раст на цените на основните прехранбени артикли, нафтените деривати и електричната енергија.

Со цел полесно справување со последиците од кризата, Владата на Република Северна Македонија во изминатиот период во неколку наврати донесе сет на мерки за поддршка на најранливите категории граѓани и на компаниите, преку субвенции, социјална заштита, даночни ослободувања и финансиска поддршка на домашните енергетски компании.

Во услови на криза, дисторзијата на пазарот е неминовна. Од една страна се социјално загрозените категории на граѓани кои тешко ја поднесуваат ценовната и енергетската криза, а од друга страна се определен број на компании кои како резултат на таа криза остварија значително зголемени приходи.

Актуелната енергетска криза негативно се одрази на сите земји. Големото зголемување на цените на енергијата значително придонесува за општата инфлација и го забавува економскиот раст. Оттука, Европската Унија, а заради ублажување на последиците од енергетската криза усвои Регулатива на Советот (ЕУ) 2022/1854 од 6 октомври 2022 година за итна интервенција за решавање на проблемот со високите цени на енергијата. Со Регулативата е утврден заеднички пристап насочен кон

DHE SHKAQET PËR MIRATIMIN E LIGJIT

Republika e Maqedonisë së Veriut, ashtu si vendet e tjera në botë, aktualisht po përballet me krizën energjetike dhe atë të çmimeve, ndërsa më parë edhe me krizën ekonomiko-shëndetësore të shkaktuar nga virusi COVID 19.

Ndryshimet klimatike dhe lufta në Ukrainë shkaktuan çrregullim në tregun global, përkatësisht rritje të kërkesës për ushqime dhe energjensa dhe ulje të ofertës së tyre, gjë që rezultoi në rritje të shpejtë të çmimeve të artikujve ushqimorë bazë, derivateve të naftës dhe energjisë elektrike.

Me qëllim të përballimit më lehtë me pasojat e krizës, Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut në periudhën e kaluar disa herë ka miratuar një sërë masash për përkrahjen e kategorive më të ndjeshme të qytetarëve dhe kompanive, përmes subvencioneve, mbrojtjes sociale, lirimeve tatimore dhe përkrahjes financiare të kompanive energjetike vendase.

Në kushtet e krizës, distorzimi i tregut është i pashmangshëm. Nga njëra anë janë kategoritë e ndjeshme sociale të qytetarëve të cilët e kanë të vështirë të përballojnë krizën e çmimeve dhe atë energjetikë dhe nga ana tjetër janë një numër i caktuar kompanish që si pasojë e asaj krize kanë arritur rritje të dukshme të të hyrave.

Kriza aktuale energjetike ka ndikuar negativisht në të gjitha vendet. Rritjet e mëdha të çmimeve të energjisë kontribuojnë dukshëm në inflacionin e përgjithshëm dhe në ngadalësimin e rritjes ekonomike. Prandaj, Bashkimi Evropian, për t'i zbutur pasojat e krizës energjetike, miratoi Rregulloren e Këshillit (BE) 2022/1854 të datës 6 tetor 2022 për intervenim urgjent për zgjidhjen e problemit të çmimeve të larta të energjisë. Me Rregullativën përcaktohet qasje e përbashkët që destinohet drejt

потрошувачите и производителите на енергија, односно се утврди обврската за земјите-членки да ја намалат потрошувачката на електрична енергија, обврската за наплата на вишокот приход од продажбата на електрична енергија над горната граница на пазарниот приход, начинот на распределба на вишокот приход и обврската за наплата на придонес за солидарност.

Според Регулативата, придонесот за солидарност треба да дејствува како редистрибутивна мерка за да се осигура дека предметните компании кои оствариле вишок профит поради неочекувани околности пропорционално придонесуваат за ублажување на енергетската криза на внатрешниот пазар.

Имајќи ја во предвид наведената Регулатива, а се со цел да се изврши корекција на пазарната дисторзија и да се обезбеди редистрибуција на товарот на негативните последици од кризата, повеќе земји од светот воведоа или најавија дека ќе воведат т.н. данок на екстра профит (Хрватска, Бугарија, Грција, Унгарија, Велика Британија, Италија, Шпанија, Германија).

Преку плаќањето на овој вид на данок компаниите кои во услови на криза оствариле вишок профит, пропорционално ќе придонесат за ублажување на последиците од кризата.

За постигнување на истата цел, сметаме дека и нашата држава треба да преземе активности за воведување на данок кој што ќе има солидарна функција и преку кој ќе се обезбедат финансиски средства кој во целост ќе се користат за финансирање на Програма за мерки за справување со кризата.

Ваквиот данок е од општ интерес за сите граѓани, и неговото воведување ќе се заснова на принципите на правичност, еднаквост и пропорционалност, според кои секој е должен да учествува во

konsumatorëve dhe prodhuesve të energjisë, përcaktohet detyrimi për vendet anëtare për ta reduktuar konsumin e energjisë elektrike, detyrimi për ta arkëtuar tepricën e të hyrave nga shitja e energjisë elektrike mbi limitin e sipërm të të hyrave të tregut, mënyra e shpërndarjes së tepricës së të hyrave dhe detyrimi për ta arkëtuar kontributin e solidaritetit.

Sipas Rregullativës, kontributi i solidaritetit duhet të veprojë si masë ridistributive për sigurimin e kompanive në fjalë që kanë realizuar tepricë të fitimit për shkak të rrethanave të papritura, të kontribuojnë proporcionalisht në zbutjen e krizës energjetike në tregun e brendshëm.

Duke pasur parasysh rregullativën e përmendur dhe me qëllim të korrigjimit të distorzionit të tregut dhe sigurimit të ridistribuimit të barrës së pasojave negative të krizës, disa vende të botës kanë paralajmëruar se do ta vendosin të ashtuquajturin tatim ekstra mbi fitimin (Kroacia, Bullgaria, Greqia, Hungaria, Britania e Madhe, Italia, Spanja, Gjermania).

Nëpërmjet pagesës së këtij lloji të tatimit, kompanitë që kanë realizuar tepricë të fitimit në kushte krize do të kontribuojnë proporcionalisht në zbutjen e pasojave të krizës.

Për ta arritur të njëjtin qëllim, vlerësojmë se vendi ynë duhet të ndërmarrë aktivitete për vendosjen e tatimit që do të ketë funksion solidariteti dhe përmes së cilit do të sigurohen mjete financiare, të cilat do të shfrytëzohen në tërësi për financimin e Programit lidhur me masat për ballafaqimin me krizën.

Një tatim i tillë është me interes të përgjithshëm për të gjithë qytetarët dhe vendosja e tij do të bazohet në parimet e drejtësisë, barazisë dhe proporcionalitetit,

намирувањето на јавните расходи во согласност со своите економски можности.

Имајќи го предвид горенаведеното се предлага да се донесе Закон за данок за солидарност.

sipas së cilave secili është i detyruar të marrë pjesë në shlyerjen e shpenzimeve publike në përputhje me mundësitë e tyre ekonomike.

Duke marrë parasysh atë që u theksua më sipër, propozohet miratimi i Ligjit të Tatimit të Solidaritetit.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на Предлог Законот за данок за солидарност е секој да учествува во намирувањето на јавните расходи во согласност со своите економски можности и на солидарен начин да придонесе за ублажување на последиците од ценовната и енергетската криза.

Воведувањето на данокот за солидарност е од општ интерес за сите граѓани, и се базира на начелата на правичност, еднаквост и пропорционалност.

Предлог законот предвидува воведување на данок за солидарност за 2023 година како еднократна, вонредна и привремена јавна давачка.

Обврзник за плаќање на овој вид на данок е обврзникот на данокот на добивка согласно Законот за данокот на добивка, кој во 2022 година остварил вкупен приход поголем од 615.000.000 денари.
Даночната основа за пресметување на данокот за солидарност претставува позитивната разлика помеѓу износот на даночната основа по намалување утврден во даночниот биланс за оданочување на добивката на АОП 49 за 2022 година или просечниот износ на даночната основа по намалување за 2021 и 2022 година и просечниот износ на даночна основа по намалување утврден во даночните биланси за оданочување на добивка за претходните периоди зголемен за 20%. Во случај на статусни промени се предвидува повисок процент на зголемување на просечниот износ на даночната основа за претходните даночни периоди, односно 30

## II. QËLLIMET, PARIMET DHE ZGJIDHJET THEMELORE

Qëllimi i Propozim Ligjit të Tatimit të Solidaritetit është që të gjithë të marrin pjesë në shlyerjen e shpenzimeve publike në përputhje me mundësitë e tyre ekonomike dhe të kontribuojnë në mënyrë solidare në zbutjen e pasojave të krizës së çmimeve dhe asaj energjetike.

Vendosja e tatimit të solidaritetit është me interes të përgjithshëm për të gjithë qytetarët dhe bazohet në parimet e drejtësisë, barazisë dhe proporcionalitetit.

Ligji i propozuar parasheh vendosjen e tatimit të solidaritetit për vitin 2023, si detyrim publik i njëhershëm, i jashtëzakonshëm dhe i përkohshëm.

Obligues për pagesën e këtij lloji të tatimit është obliguesi për tatimin mbi fitimin në përputhje me Ligjin e Tatimit mbi Fitimin, i cili në vitin 2022 ka realizuar të hyra të përgjithshme më të mëdha se 615.000.000 denarë.
Baza tatimore për llogaritjen e tatimit të solidaritetit është diferenca pozitive midis vlerës së bazës tatimore pas uljes së përcaktuar në bilancin tatimor për tatimimin e fitimit të PADH 49 për vitin 2022, ose vlerës mesatare të bazës tatimore pas uljes për vitin 2021 dhe 2022 dhe vlerës së përcaktuar të bazës tatimore pas uljes së përcaktuar në bilancet tatimore për tatimimin mbi fitimin për periudhat paraprake tatimore të rritur për 20%. Në rast të ndryshimit të statusit, parashihet përqindje më e lartë e rritjes së vlerës mesatare të bazës tatimore për periudhat paraprake tatimore, përkatësisht

%.

Наведените обврзници, на претходно спомената основа ќе имаа обврска да платат данок за солидарност во 2023 година по стапка од 30 %.

Имено, истите ќе бидат должни да ја утврдат даночната основа на образецот „ДБ-ДС - Даночен биланс за оданочување со данок за солидарност“ што се доставува до Управата за јавни приходи во рок од 45 дена од истекот на рокот пропишан за поднесување на годишната сметка согласно со Законот за трговските друштва и прописите за сметководство и да го платат данокот за солидарност најдоцна до 31 мај 2023 година.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Спроведувањето на Предлог на Закон за данок за солидарност ќе предизвика позитивни фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија во износ од околу 4,7 милијарди денари.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Предлогот на Закон за данок за солидарност не е потребно обезбедување на финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

30%.

Obliguesit e mësipërm, sa i përket bazës së përmendur paraprakisht, do të kishin detyrim për të paguar tatimin e solidaritetit në vitin 2023 në vlerë 30%.

Resprektivisht, ata do të obligohen ta përcaktojë bazën tatimore në bazë të formularit “BT-TS – Bilanci tatimor për tatimimin me tatimin e solidaritetit”, që dorëzohet në Drejtorinë e të Hyrave Publike në afat prej 45 ditëve nga përfundimi i afatit të përcaktuar për parashtrimin e llogarisë vjetore në përputhje me Ligjin e Shoqërive Tregtare dhe rregullat e kontabilitetit dhe ta paguajnë tatimin e solidaritetit më së voni deri në datë 31 maj të vitit 2023.

III. VLERËSIMI I PASOJAVE FINANCIARE TË PROPOZIM LIGJIT MBI BUXHETIN DHE MJETET E TJERA FINANCIARE PUBLIKE

Zbatimi i Propozim ligjit për Ndryshimin dhe Plotësimin e Ligjit të Tatimit të Solidaritetit do të shkaktojë implikime pozitive fiskale mbi Buxhetin e Republikës së Maqedonisë së Veriut në vlerë prej rreth 4.7 miliardë denarëve.

IV. VLERËSIMI I MJETEVE FINANCIARE TË NEVOJSHME PËR ZBATIMIN E LIGJIT, MËNYRA E SIGURIMIT TË TYRE, TË DHËNA NËSE ZBATIMI I LIGJIT IMPONON DETYRIME MATERIALE PËR SUBJEKTE TË CAKTUARA

Për zbatimin e Propozim ligjit të Tatimit të Solidaritetit nuk ka nevojë për sigurimin e mjeteve financiare dhe detyrimeve materiale për subjektet e caktuara.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН

Имајќи го предвид фактот дека се исполнети условите од член 170 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, односно дека не се работи за донесување на сложен и обемен закон, се предлага Законот за данокот за солидарност да се донесе по скратена постапка.

## V. PROCEDURA E SHKRTUAR PËR MIRATIMIN E LIGJIT

Duke pasur parasysh faktin se janë plotësuar kushtet nga neni 179 alineja 1 e Rregullores së Kuvendit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, përkatësisht se nuk bëhet fjalë për miratimin e një ligji të ndërlikuar dhe voluminoz, propozohet që Ligji i Tatimit të Solidaritetit të miratohet me procedurë të shkurtuar.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

PROPOZIM LIGJI

ЗА ДАНОК ЗА СОЛИДАРНОСТ

Член 1

Со овој закон се уредува оданочувањето со данокот за солидарност, обврзникот за плаќање на данокот за солидарност, даночната основа за пресметување на данокот за солидарност, стапката по која се пресметува данокот за солидарност, роковите за плаќање на данокот за солидарност, како и други прашања кои се од значење за утврдување и плаќање на данокот за солидарност.

Член 2

(1) Данокот за солидарност е еднократна јавна давачка за 2023 година и е приход на Буџетот на Република Северна Македонија.

(2) Данокот за солидарност се утврдува и плаќа во услови на непредвидливи и неповолни економски околности во Република Северна Македонија согласно одредбите од овој закон и се заснова на принципите на правичност, еднаквост и пропорционалност, според кои секој е должен да учествува во намирувањето на јавните расходи во согласност со своите економски можности.

Член 3

(1) Со данокот за солидарност се обезбедуваат финансиски средства кои ќе се користат за финансирање на Потпрограмата П 1 - Мерки за справување со Covid-19 кризата и други антикризни мерки, во раздел 040.01 - Влада на Република Северна Македонија.

(2) Средствата од став (1) на овој член ќе се користат согласно член 22 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.

I TATIMIT TË SOLIDARITETIT

Neni 1

Ky ligj rregullon tatimimin me tatimin e solidaritetit, obliguesin për të paguar tatimin e solidaritetit, bazën tatimore për llogaritjen e tatimit të solidaritetit, normën me të cilën llogaritet tatimi i solidaritetit, afatet e pagesës së tatimit të solidaritetit, si dhe çështje të tjera të rëndësishme për përcaktimin dhe pagesën e tatimit të solidaritetit.

Neni 2

(1) Tatimi i solidaritetit është detyrim publik i njëhershëm për vitin 2023 dhe paraqet të hyrat e Buxhetit të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

(2) Tatimi i solidaritetit përcaktohet dhe paguhet në kushte të rrethanave të paparashikueshme dhe të pafavorshme ekonomike në Republikën e Maqedonisë së Veriut në përputhje me dispozitat e këtij ligji dhe bazohet në parimet e drejtësisë, barazisë dhe proporcionalitetit, sipas së cilave secili është i detyruar të marrë pjesë në shlyerjen e shpenzimeve publike në përputhje me mundësitë e tyre ekonomike.

Neni 3

(1) Tatimi i solidaritetit siguron mjete financiare që do të shfrytëzohen për financimin e Nënprogramit P 1 - Masat për përballimin e krizës Covid-19 dhe masat e tjera antikrizë, në ndarjen 040.01 - Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut.

(2) Mjetet nga paragrafi (1) i këtij neni do të shfrytëzohen në përputhje me nenin 22 të Ligjit të Realizimit të Buxhetit të Republikës së Maqedonisë së Veriut për vitin 2023.

Член 4

(1) Обврзник на данокот за солидарност е обврзникот на данокот на добивка согласно Законот за данокот на добивка, кој во 2022 година остварил вкупен приход поголем од 615.000.000 денари.

(2) При утврдување на висината на приходот од став (1) на овој член, се исклучуваат приходите во стечајна постапка остварени од продажба на имот за намирување на доверителите.

Neni 4

(1) Obliguesi i tatimit të solidaritetit është obliguesi për tatimin mbi fitimin në përputhje me Ligjin e Tatimit mbi Fitimin, i cili në vitin 2022 ka realizuar të hyra të përgjithshme më të mëdha se 615.000.000 denarë.

(2) Gjatë përcaktimit të vlerës së të hyrave nga paragrafi (1) i këtij neni, përjashtohen të hyrat në procedurë falimentimi të realizuara nga shitja e pronës për shlyerjen e kreditorëve.

Член 5

По исклучок на членот 4 од овој закон, обврзник за данокот за солидарност не е обврзникот кој:

а) отпочнал со вршење на дејност во текот на 2022 година, освен во случај кога отпочнувањето со вршење на дејност е резултат на статусна промена;

б) има искажано нула износ на даночна основа по намалување во даночниот биланс за оданочување на добивка во сите периоди во кои вршел дејност од член 6 ставови (3) и (4) од овој закон;

в) престанал со вршење на дејност согласно Законот за трговските друштва, без да изврши статусна промена и поднесува последен даночен биланс за оданочување на добивка за даночниот период од 2022 година.

Neni 5

Me përjashtim të nenit 4 të këtij ligji, obligues për tatimin e solidaritetit nuk është obliguesi që:

a) ka filluar të ushtrojë veprimtari gjatë vitit 2022, me përjashtim të rastit kur fillimi i ushtrimit të veprimtarisë është rezultat i ndryshimit të statusit;

b) ka deklaruar vlerë zero të bazës tatimore pas zvogëlimit të bilancit tatimor për tatimimin mbi fitimin në të gjitha periudhat tatimore në të cilat ka ushtruar veprimtari nga neni 6 paragrafët (3) dhe (4) të këtij ligji;

c) ka ndërprerë ushtrimin e veprimtarisë në përputhje me Ligjin e Shoqërive Tregtare, pa bërë ndryshim statusi dhe parashtron bilancin e fundit tatimor për tatimimin mbi fitimin për periudhën tatimore 2022.

Член 6

(1) Даночната основа за данокот за солидарност се пресметува на начин што од износот на даночната основа по намалување утврдена во даночниот биланс за оданочување на добивката за 2022 година (АОП 49), се одзема просечниот износ на даночна основа по намалување утврдена во даночните

Neni 6

(1) Baza tatimore e tatimit të solidaritetit llogaritet në mënyrë që nga vlera e bazës tatimore pas uljes së përcaktuar në bilancin tatimor për tatimimin mbi fitimin e vitit 2022 (PADH 49) zbritet vlera mesatare e bazës tatimore pas uljes së përcaktuar në bilancet tatimore

биланси за оданочување на добивка за претходните периоди од став (3) на овој член зголемен за 20%.

(2) Доколку е поповолно за даночниот обврзник, даночната основа за данокот за солидарност може да се пресметува на начин што од просечниот износ на даночната основа по намалување утврдена во даночниот биланс за оданочување на добивката за 2021 и за 2022 година, се одзема просечниот износ на даночна основа по намалување утврден во даночните биланси за оданочување на добивка за претходните периоди од став (4) на овој член зголемен за 20%.

(3) Претходни периоди од став (1) на овој член се периодите од 2018, 2019 и 2021 година.

(4) Претходни периоди од став (2) на овој член се периодите од 2017, 2018 и 2019 година.

(5) Во случај на статусна промена, при утврдување на даночната основа за пресметување на данокот за солидарност од ставот (1), односно ставот (2) на овој член, просечниот износ на даночна основа по намалување утврден во даночните биланси за оданочување на добивка за претходните периоди од ставот (3), односно ставот (4) на овој член се зголемува за 30%.

(6) Во случај даночниот обврзник да вршел дејност во претходен период од ставот (3), односно ставот (4) на овој член пократко од 12 месеци, пресметката на даночната основа по намалување за тој период ќе се врши на годишно ниво, на начин што износот на даночната основа по намалување се дели со бројот на месеците во кои даночниот обврзник вршел дејност и се множи со бројот 12.

(7) Даночната основа од ставот (1), односно ставот (2) на овој член се

për tatimimin mbi fitimin për periudhat paraprake nga paragrafi (3) i këtij neni të rritur për 20%.

(2) Nëse është më e favorshme për obliguesin tatimor, baza tatimore për tatimin e solidaritetit mund të llogaritet në atë mënyrë që nga vlera mesatare e bazës tatimore pas uljes së përcaktuar në bilancin tatimor për tatimin e fitimit për vitin 2021 dhe për vitin 2022, zbritet vlera mesatare e bazës tatimore  pas uljes së përcaktuar në bilancet tatimore për tatimin mbi fitimin për periudhat paraprake nga paragrafi (4) i këtij neni, të rritur për 20%.

(3) Periudhat paraprake nga paragrafi (1) i këtij neni janë periudhat e vitit 2018, 2019 dhe 2021.

(4) Periudhat paraprake nga paragrafi (2) i këtij neni janë periudhat e vitit 2017, 2018 dhe 2019.

(5) Me rastin e ndryshimit të statusit, me rastin e përcaktimit të bazës tatimore për llogaritjen e tatimit të solidaritetit nga paragrafi (1), gjegjësisht paragrafi (2) i këtij neni, vlera mesatare e bazës tatimore pas uljes së përcaktuar në bilancet tatimore për tatimimin mbi fitimin për periudhat paraprake nga paragrafi (3), përkatësisht paragrafi (4) i këtij neni, rritet për 30%.

(6) Në rast se obliguesi ka ushtruar veprimtari në periudhën paraprake nga paragrafi (3), përkatësisht paragrafi (4) i këtij neni për më pak se 12 muaj, llogaritja e bazës tatimore pas uljes për atë periudhë do të bëhet në bazë vjetore, në atë mënyrë që vlera e bazës tatimore pas uljes pjesëtohet me numrin e muajve ku obliguesi ka ushtruar veprimtari dhe shumëzohet me numrin 12.

утврдува без оглед дали даночниот обврзник има даночна обврска за данок на добивка во даночниот биланс за оданочување на добивка за 2022 година или во претходните периоди од ставот (3), односно ставот (4) на овој член.

(8) Обврзникот не е должен да пресметува данок за солидарност кога износот на даночната основа по намалување утврдена во даночниот биланс за оданочување на добивката за 2022 година е еднаков на нула.

(9) Просечниот износ на даночна основа по намалување за претходните периоди од ставот (1), односно ставот (2) на овој член се пресметува како збир од износот на даночните основи по намалување за претходните периоди од ставот (3), односно ставот (4) на овој член, поделен со бројот на периоди во кои даночниот обврзник вршел дејност.

(10) По исклучок на ставот (9) на овој член, кога износот на даночната основа по намалување утврден во некој од даночните биланси за оданочување на добивката во претходните периоди од ставот (3), односно ставот (4) на овој член е еднаков на нула, како и бројот на периоди за кои е утврден таков износ, нема да се земат во предвид при пресметувањето на просечниот износ на даночна основа по намалување за претходните периоди од ставот (1), односно ставот (2) на овој член.

(11) Во случај на статусна промена – присоединување, кога даночниот обврзник (друштво што се присоединува) се присоединува кон друг даночен обврзник (друштво што презема), при утврдувањето на даночна основа од ставот (1), односно ставот (2) на овој член за друштвото што презема, при пресметка на просечниот износ на даночна основа по намалување за претходните периоди од ставот (3), односно ставот (4) на овој член се зема во предвид и даночната основа по

(7) Baza tatimore nga paragrafi (1), përkatësisht nga paragrafi (2) i këtij neni përcaktohet pa marrë parasysh nëse obliguesi ka detyrim tatimor për tatimin mbi fitimin në bilancin tatimor për tatimimin mbi fitimin për vitin 2022 apo në periudhat paraprake nga paragrafi (3), përkatësisht paragrafi (4) i këtij neni.

(8) Obliguesi nuk është i detyruar ta llogarisë tatimin e solidaritetit kur vlera e bazës tatimore pas uljes së përcaktuar në bilancin tatimor për tatimimin mbi fitimin për vitin 2022 është e barabartë me zero.

(9) Vlera mesatare e bazës tatimore pas uljes për periudhat paraprake nga paragrafi (1), gjegjësisht paragrafi (2) i këtij neni llogaritet si shumë e vlerës së bazës tatimore pas uljes për periudhat paraprake nga paragrafi (3), përkatësisht paragrafi (4) i këtij neni, pjesëtuar me numrin e periudhave ku obliguesi ka ushtruar veprimtari.

(10) Me përjashtim të paragrafit (9) të këtij neni, kur vlera e bazës tatimore pas uljes së përcaktuar në ndonjë nga bilancet tatimore për tatimimin mbi fitimin në periudhat paraprake nga paragrafi (3), gjegjësisht paragrafi (4) i këtij neni është e barabartë me zero, si dhe numri i periudhave për të cilat është përcaktuar vlera e tillë, nuk do të merret parasysh gjatë llogaritjes së vlerës mesatare të bazës tatimore pas uljes për periudhat paraprake nga paragrafi (1), përkatësisht paragrafi (2) të këtij neni.

(11) Në rast të ndryshimit të statusit - bashkim, kur obliguesi tatimor (shoqëria që bashkohet) bashkohet me një obligues tjetër tatimor  (shoqëri që ndermerr), gjatë përcaktimit të bazës tatimore nga paragrafi (1), përkatësisht paragrafi (2) i këtij neni për shoqërinë që ndërmerr, gjatë llogarjes së vlerës mesatare mbi bazën tatimore pas uljes për periudhat paraprake tatimore nga paragrafi (3), përkatësisht paragrafi (4) i

намалување од друштвото што се присоединува.

(12) Во случај на статусна промена – спојување, кога два или повеќе даночни обврзници се спојуваат и основаат ново друштво, при утврдувањето на даночната основа од ставот (1), односно ставот (2) на овој член за новото друштво, при пресметка на просечниот износ на даночна основа по намалување за претходните периоди од ставот (3), односно ставот (4) на овој член се зема во предвид и даночната основа по намалување од друштвата што се спојуваат.

(13) Во случај на статусна промена – поделба, при утврдувањето на даночната основа од ставот (1), односно ставот (2) на овој член, при пресметка на просечниот износ на даночна основа по намалување за претходните периоди од ставот (3), односно ставот (4) на овој член се зема во предвид и даночната основа по намалување на друштвата кај кои е настаната статусната промена - поделба, сразмерно на пренесениот имот и обврски.

(14) Во случај кога даночниот обврзник отпочнал со вршење на дејност во текот на 2020 или 2021 година, освен во случај кога отпочнувањето со вршење на дејност е резултат на статусна промена, како и во случај кога даночната основа по намалување само за 2021 година е износ повисок од нула, даночната основа се пресметува согласно ставот (1) на овој член.

Член 7

Стапката на данокот за солидарност изнесува 30 %.

Член 8

këtij neni merret parasysh edhe baza tatimore pas uljes nga shoqëria që bashkohet.

(12) Në rast të ndryshimit të statusit - bashkimit, kur dy ose më shumë obligues tatimorë bashkohen dhe themelojnë shoqëri të re, gjatë përcaktimit të bazës tatimore nga paragrafi (1), përkatësisht paragrafi (2) të këtij neni për shoqërinë e re, gjatë llogaritjes së vlerës mesatare mbi bazën tatimore pas uljes për periudhat paraprake tatimore, merret parasysh edhe baza tatimore pas uljes nga shoqëritë e bashkuara.

(13) Në rast të ndryshimit të statutit – ndarjes, gjatë përcaktimit të bazës tatimore nga paragrafi (1), përkatësisht paragrafi (2) të këtij neni, gjatë llogaritjes së vlerës mesatare mbi bazën tatimore pas uljes për periudhat paraprake tatimore nga paragrafi (3), përkatësisht paragrafi (4) të këtij neni, merret parasysh edhe baza tatimore pas uljes lidhur me shoqëritë, ku ka ndodhur ndryshimi i statutit – ndarja, në raport me pronën dhe detyrimet e deleguara.

(14) Në rastin kur obliguesii ka filluar të ushtrojë veprimtari gjatë vitit 2020 ose 2021, me përjashtim të rastit kur fillimi i ushtrimit të veprimtarisë është rezultat i ndryshimit të statusit, si dhe në rastin kur baza tatimore vetëm pas uljes për vitin 2021 është vlerë më e lartë se zero, baza tatimore llogaritet sipas paragrafit (1) të këtij neni.

Neni 7

Norma e tatimit të solidaritetit është 30%.

(1) Даночниот обврзник е должен да ја утврди даночната основа согласно член 6 став (1), односно став (2) од овој закон, а во случај на статусни промени согласно член 6 став (5) од овој закон врз основа на образецот „ДБ-ДС - Даночен биланс за оданочување со данок за солидарност“ што се доставува до Управата за јавни приходи во рок од 45 дена од истекот на рокот утврден за поднесување на годишната сметка согласно со Законот за трговските друштва и прописите за сметководство.

(2) Образецот од ставот (1) на овој член го поднесуваат сите даночни обврзници од член 4 став (1) од овој закон.

(3) Формата и содржината на образецот од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

Член 9

